Slovene Studies 34.1–2 (2012): 169–80

# *СВИНСКИ НОЗЕ*

**Tadej Golob**

**Translated into Macedonian by Darko Spasov**

## Еден

Започна во ноември. Барем мислам дека беше ноември и да речеме дека тогаш работите почнаа да се прекршуваат. Се сеќавам дека врнеше, а што да се прави, ноември. Така е, есенски месец е и тоа е нормално. Ноември, кога ќе видиш, и не е најлош месец во годината. Сите велат дека е, дека денот е краток, дека е студено и врнежливо и дека е срање. Но проблемот не е во тоа. Проблемот е во денот на мртвите, кој е веднаш на почетокот од месецот и веднаш засерува. Ми доаѓа слика. Сите застанале околу нечиј гроб, најпрвин од страната на мајка ми, па од страната на татко ми. Двапати ќе се скараме кај едните, двапати кај другите. Таму ги чекаме бабите да запеат, услиши нас. Дедо е в земја и молчи. Па што да прави кога е мртов и покриен со глина. Бев мал кога го закопаа и се сеќавам дека земјата беше црвеникава и еластична и дека и тогаш беше влажно, како во пичка. И дека стариот беше досаден додека беше жив. Седеше пред куќата во Долењска, со бастун в рака и со намуртен поглед, ама си го сакав. Десно од него растеше круша, некоја стара сорта, оскоруша или што ти знам која, под нив ливада, а зад мене, гледано нагоре од ливадата, дрвена шупа за алат, со плугови и такви работи и со преса за јаболка и грозје. Долго мислев дека мора да постои посебна причина за тоа да го сакам дедо, а сега, откако ми се роди Симон, ми се чини дека децата мора да ги сакаат постарите, особено постарите и дека тоа било тоа. А можеби си беше в ред, не знам, намуртен беше. Ни студи, зашто, како по правило, паѓа снег. Потоа одиме кај роднина на татко ми, а мајка ми се дурли. Јадеме потица. Старите пијат вино и разговараат, децата пиеме млеко или сок од сируп. Јас, сок, затоа што не можев да ја голтам кожичката што се правеше на врвот од млекото. Од млеко - само алпско, на кое нема кожичка или ќе се појави подоцна, ама тенка. Другите деца пијат млеко и сок, и јадат колбаси и потица, речиси сè наеднаш. Чудно како не повраќаат. Ништо не ги разбирам кога зборуваат на доленски, ама не се путки, убаво си играме. Никогаш не се тепавме, а на одење ни беше жал, зашто тоа беше единствен ден кога не морав да си легнувам во осум. Ако подразмислам, ме нервираше само првиот дел од денот, тоа околу гробовите, и срањето помеѓу родителите на почетокот на вечерата и за време на вечерата, мајка ми на секој начин бараше препирка, ама јас на тоа заборавав, затоа што си играв со оние, но ќе се сетев на враќање кон дома. Навредено молчеше, секогаш, секоја година, а татко ми стаклено

гледаше низ предното стакло, со виолетова боја од пиењето и стегнат за воланот. Еден ден ќе ја убие, си реков, а чудно како таа не може да го види тоа. Најчесто тоа се случуваше околу Вишња Гора, на стариот пат кон Гросупље. Тогаш немаше автопат.

Така што, што се однесува до мене, не ми се чини неразбирливо тоа што за многумина ноември е најужасен месец во годината. Можев да видам, разгледувајќи наоколу по гробовите, дека сите се исти, у курац, и дека кријат трауми кои пукаат на задушница, како оние во земјата да сакат да се одмаздат на оние над нив. Како да не се тепале доволно додека беа живи. Има нешто во тој први ноември, зашто, ако е само до времето, декември не е ништо подобар, па никој не се жали.

Но, ако помислам малку подобро, мислам дека не почна тогаш. Тогаш само избувна, така што се стана видливо. Всушност, не стана видливо веднаш, ама тоа сега го знам. По сè изгледа, почна кога се роди Симон, затоа што тоа е некаква пресвртница, или кога почнавме да одиме со Маја, и тоа може да беше почеток. Дека одлучувачка беше комбинацијата, нешто што не ми се чини веројатно, или пак е, којзнае, можеби јас не сакам така да размислувам. Подобро е да почнало кога се родив јас, или порано. Еве, да немаме ниту јас ниту Маја ништо со тоа, што би било океј, и онака никој не би бил виновен, дека тоа се пренесува од род на род. Дека, да речеме, почнало кога се родила мајка ми или нејзината мајка или нејзината пра пра прабаба. Тогаш, во периодот на робовладетелството или феудализмот или пред тоа. Од времето кога првите печурки доползиле на копно и се развиле во орхидеи, а од нив се развиле триста чуда, откако испрделе доволно кислород за диносаурусите и другите ѕверови. Можеби почнало на самиот почеток, можеби е само судбина или слично на тоа. Можно е да почнало на почетокот кога распукнала материјата. Бум, и од тогаш наваму зошто-затоа-зошто-затоа е во механичко повторување. Затоа што, ако сето тоа не се подредеше точно така како што се подреди, тогаш и работите немаше да се одвиваат како што се одвиваа, ни грам лево или десно, туку така како што е, тогаш и јас немаше да постојам, а ако ме немаше мене, немаше да се случи оваа заебанција. Секоја последица има своја причина и секоја причина е последица на нешто, и тоа причинско-последично дркање во рикверц доведува до празаебанции. Колку повеќе пребаруваш и се прашуваш, па да тибам, кога почна да оди наопаку, повеќе копаш и си ја удираш главата, како си можел да бидеш слеп и ништо друго. Што значи дека е без врска да се бара кога почнало и кој е виновен за сето тоа.

Само може да одредиш момент од кој работите тргнале во неврат, или момент кога си видел дека работите не се во ред, е, тоа беше тој ноември кога го изнајмивме станот.

Сега, гледано наназад, знам, но тогаш не ми беше јасно. Тоа значи дека и тоа нема врска.

Значи, врнеше затоа што беше ноември. По лизгави скали во ниско приземје, коешто беше подрум, односно котларница, само што тоа тогаш не го видов, се спуштивме, агентот за недвижнини, Маја, па јас. Потоа, кога се случија пиздариите, отидов, односно Маја отиде во општината, додека јас го чував малиот, да провери што и како. Некоја жена од катакомби со полици со хартија ги покажала документите за станот што го изнајмивме:

„Па вие воопшто не би смееле да сте таму. Па тоа е котларница“.

„И, што сега“, рекла Маја, „ние живееме таму?“

„Не знам“, рекла, „не би смееле“.

Симон спиеше во автомобилот и го оставивме во него. Само таму спиеше, инаку не сака ни да чуе за спиење. Еднаш пресметав дека неговото успивање ме чини околу пет евра. Два круга околу љубљанската обиколница, околу петнаесет километри, и тоа ако возам полека, околу осумдесет на час. Тоа, секако, и да не се работи за бензинот, затоа што кога успиваш дете не се работи за времето, туку за брзината. Да оди, би се тркалал шеесет на час, ама сите би полуделе, особено камионџиите. А и вака ми блиндираат да фаќам магла. А треба да се има предвид, ако стрелката игра околу осумдесет, тоа значи дека возиме седумдесет, што и не е некоја брзина. Потоа цркна осигурувачот на арматурата и стрелката, нормално, престана да се движи, но продолжи да се тресе на нула. Е тогаш веќе развив чувство за приближно осумдесет. Стана јасно дека тоа веќе нема да можеме да си го дозволиме, затоа што едно успивање на ден, на крајот на месецот, чини сто и педесет евра. Ми се стемни кога пресметав. Па тоа е поскапо од градинка, со тоа што таму добиваш појадок, ужина, ручек и уште една ужина и танцови вежби... Добро, нив треба посебно да ги платиш, како и англиски, три дена на село, скијање и слично. Всушност, сѐ освен храна и нега.

„Тоа е тоа“, рече агентот, „трисобен стан. Голем, светол, и мошне поволно“.

Одеше зад нас и мелеше, додека ние двајцата ги разгледувавме педесетте трисобни квадрати. Нема ебена светлина, како ликовно извежбан човек, тоа го воочив веднаш. Ќе треба да палиме светло и преку ден. Ама ништо не реков. Без врска е. Нема да стане посветло ако коментирам.

„ ... но, пред сè, затоа што ништо не му недостига, напротив...“.

Кујна со аголна гарнитура и дневна соба, сè во едно, што по некоја логика би било соба и пол, иако се гледа дека е една соба, шпајз, нужник со бања и уште една соба што не беше цела соба, затоа што имаше девет квадрати, за да биде соба мора да има десет, тоа го открив подоцна, кога почнав да ја истражувам работата, односно Маја го направи тоа. Тогаш не знаев за тоа и затоа тој цело време зборуваше за трисобен стан.

„...една и пол и половина и една се три ... и тоа само за триста евра месечно. Таква наемнина нема да добиете никаде на периферијата на Љубљана. Во Шишка, Бежиград..., секаде е по петстотини. Дури и во Фужине“.

Тоа беше точно, не лажеше. Насекаде бевме и затоа знам. Дури и тоа дека и во Фужине не бива. Таму отидов уште веднаш затоа што мислев дека кај јужните е поевтино. Па немаше некоја разлика, само становите беа повеќе уништени, а пред сè паркетите. Можеби немаше да го забележам тоа, затоа што човек не е внимателен, ако не знае, ако еднаш не му помагав на еден паркетар при брусење и лакирање. Цел ден ме болеше главата од тоа отровите. Фужинските смотаници ставаат теписи над паркетот и така се собира влага под нив. Тепихот влече ли влече, од воздухот, од сармите, од чорапите, од секаде, ама во еден момент не може веќе и попушта. Откако ќе се отселат, паркетот можеш да го исфрлиш како куп деланки. Тоа ниту се бруси ниту се лакира.

„Знаеш, синко, најчесто сите се паметни па велат дека може, а тоа не може“, објаснуваше мајсторот паркетар, му го заборавив името, но запаметив дека, додека лакираше, маската не ја стави ниту еднаш. Беше медицински феномен тоа што е сè уште жив. В раце држеше гнила летвичка небаре е мртво врапче. „Види, гнило од сите страни“, и ми ја подаваше. Гнилото не се бруси затоа што на рабовите се кине, како гума му доаѓа, па лакот не фаќа... Еве, гледаш... „Ја зедов, само да не гњави.

„Да, навистина“.

Мокра беше, тоа можеше да се види.

„Тоа не се бруси синко, затоа што...“ и така натаму.

Кај него издржав два дена. Третиот ден сакаше со моторна пила од око да пресече неколку парчиња дрво што фалеа во аголот, врз кои и онака ќе имало кујна и било сеедно, јас да сум држел, а тој да вруум, вруум. И го гледам така. Па добро, некои луѓе ги бива и можат да фатат коцка, малку поголема од Рубиконова, па да ја направат како

што треба, можеби тоа е пракса, затоа што кога одиш во луна-парк на некој заебан рингишпил што се врти брзо да попиздиш, си велиш чекај ова не е паметно, ама имаш верба и се качуваш, па дури и не повраќаш, или не одлетуваш со него во космосот, или ако одиш на операција на не знам што, даречеме камен во бубрег, и профи во бело фино ти објасни како ќе ти ги извади низ газот и да немаш гајле затоа што тоа денес се прави така, речеш океј и се натртуваш, ама го гледам овој шумарот, и во ред, си велам, ќе го фатам дрвото, ама да немаше по три прсти на левата и десната рака, и едниот од трите на десната беше неподвижен, тврд и стрчеше настрана под некој чуден агол.

„Извинете... “, реков, и ја тргнав раката.

„Па што се плашиш?“

„Простете..., не знам...“

„Се плашиш?“ и брчеше кон мене.

„Јас не би...“

„Па што се плашиш?“

И не сакав. Стариот беше разочаран, сам ја фати со два и пол-те прсти од левата рака и некако го искуба вишокот од дрвцето и до ручекот не зборуваше со мене. Потоа си отидов. Порано или подоцна, пак ќе ме убедува, тоа се гледаше.

Затоа, прво што погледнав беше паркетот. Убави и големи парчиња бело дрво. Јавор или нешто слично. Загледав еден чеп, метален, кружен, лежеше во еден агол, ама не ми се прашуваше зошто е таму, на крајот на краиштата, не купувавме стан, а и си мислев дека нема ни да го најмиме. А што може да му биде во половина година? Затоа што ако го најмуваш и нешто не оди како што треба си одиш, те боли. Сеедно ми е и насекаде да има чепови. Само сега да не е испосерено, да нема некои акутни проблеми. А гледав, за Маја да мисли дека нешто правам, дека размислувам околу тоа. И размислував. Дали е тоа јавор или некое друго дрво и се правев паметен и грижлив. Е, чепови имаше по аглите во сите соби.

„Ова е јавор, нели?“ и тропнав со ногата во подот.

„Не се разбирам во паркет“, рече и почна да трепка со очињата. Како нешто да му влезе во нив. „Знам дека, тоа знам, дека беше од поскапите. Гледате дека е како нов? И тоа паркет, не ламинат“.

Јавор, гарант.

Отидовме до бањата, каде што беа плочките, поскапи, италијански, недефинирана боја, нешто помеѓу сиво и кафеаво,

едноставни за чистење, грди, и завршивме во дневната со маса што имаше иста боја како подот, и си помислив да прашам да не е и таа од јавор, ама баталив. Ќе изгледаше дека го заебавам, ама сè си мислам дека беше од јавор. Стоевме околу неа и се моткавме, ама јас најмалку и се потргнав настрана. Потоа Маја го праша колку рекол за наемнината и тој повтори, а Маја, хм, да, океј и дали може нешто поевтино...

„Знаете како е госпоѓо, за овие пари никаде... А и тоа, треба да плаќате за половина година, инаку нема шанси. Затоа што така е поевтино. Тоа е услов“.

Тоа знаев дека треба, тоа ни го кажа пред да дојдеме овде, инаку ќе нè дамлосаше. Како, од каде сега тоа шест месеци однапред? Ајде два месеца... Да бев јас на телефон ќе кажев, ама Маја одговори и таа зборуваше. И нешто климаше и да, да, и рече ајде се слушаме.

„Тоа е речиси две илјади“, реков кога ми кажа што и како, „однапред, нормални се?“

„Помалку“, и да, океј, навистина не е едноставно, ама ќе дадеш еднаш и си на раат, не ти додева среде ручек...

„… и кога ти капнува од таквото“.

“… и имаш на располагање доволно простор за дишење и за твоја маса“.

Добро, тоа е вистина, ама сè си мислев дека се шегува. Па од каде ќе најде или од каде ќе најдеме две илјади евра. Ништо не бидува од ова. По два дена му се јави да го видиме станот и отидовме, во Јама, на Јама, изгледа така треба да се изговори, на крајот на Љубљана, на село.

„На таканаречената елитна локација, каде што нема бучава...“ и бла бла...

Заборави да ни каже дека таму не оди градски автобус. Селото е на ничија земја. Градот завршува зад Виатор кај Гунцље, потоа се Станежиче, километар-два - па Јама, уште еден километар и пустелија, сè до Медводе, каде што имаат автобус. Тоа го капирав подоцна, кога ни се расипа моторчето за бришачи на хјундаито. Врнеше и морав да одам пеш. Мерцедесот веќе подолго време не го возевме. Добро, тогаш дојдовме со колата и си реков ајде да одам, да не рече дека сè сама прави, дека со прст не мрднувам.

Симон си спиеше кога тргнавме назад. Запали од прва. Го паркирав под покриен паркинг, иако беше означен со броеви. Јеби га, врне, каблите да не се намократ.

„Каде ќе најдеш пари?“

„Позајмив од моите. Ќе им враќаме месец за месец“.

Фино, си помислив, уште ова ми фалеше, и така ме гледаат како најголем бедник. Си прекутев. А што да кажам.

„Се изморив од тоа да не можам да се свртам во станот, па тоалетот, да немам ни огледало, ни мијалник...“

Пет минути набројуваше што сè ѝ е преку глава. Молчев. Не ми се препираше, затоа што тоа навистина беше така, а и мене ми одеше на живци. Затоа не размислував за тоа.

**Два**

Си молчев. И мене ми беше потребен поголем простор. Во тоа дупката во Мосте, пред овде на Јама, не можев да работам бидејќи немаше место за моја маса. Таму немаше место за никаква маса, освен за сосема мала, што стоеше на средина, помеѓу постелата и плакарот, и постојано требаше да ја преместуваме. Ако сакаш в постела, ја преместуваш кон плакарот, и обратно. Ти требаат чисти чорапи. Нема шанси да се наместиш без притоа да не се преместуваш, освен ако не си некој индиски гумен факир или руска циркусантка, да речеме. Или Барпапа, нормален човек никако. Мојата работна маса беше потпрена во ходникот, надвор, и изгледаше како сè уште да не сме се вселиле докрај, или дека ќе ја изнесеме надвор пред вратата, кога ќе поминуваат од комуналец за габаритен отпад, ама некако потраја тоа и секој нормален можеше да види дека ништо од ова не важи. Дека немаме место. Мене ми беше сеедно за тоа, сè до сега, кога ја добив оваа работа и ми требаше маса.

Тропнав, ама никој не се одѕва. Почекав малку и пак тропнав, ама ништо. Влегов, на вратата стоеше неговото име. Во собата немаше никого и тоа беше очигледно канцеларија за секретарката, која не беше таму, којзнае каде отишла, а во соседната, поточно во таа понапред, директорската, се слушаше нешто. Тропнав.

„Да“, а потоа некое мрморење и „напред“.

Влегов. Внатре седеше некој тип што потцртуваше нешто на хартија што ја потпираше со лакотот од левата рака, во којашто држеше банана.

„Добар ден“, реков, и дека сум Јани Бевк...

„Ааа, ти си тој!“

Ја соблекуваше бананата за да дојде до нејзиниот крај, или почеток, затоа што бананата расте од она што го држиме в раце, од лушпата, или како се вика она кога лупиме. Како мајмун, би рекол Симон, кога сакаше бананата да му ја олупам без да ја соблечам целата, за на долниот дел да ја држи дури ја јаде, како мајмунот што го гледал во некој цртан филм. Кога ќе се налутеше ќе побараше целата да ја олупам, а потоа цимолеше зошто сум направил така: „Како мајмун, сакав како мајмун!“ Еднаш кога ме заеба така, ја зедов бананата и ја сошив со игла и конец. Малиот гледаше, се чудеше и престана да плаче, и: „Дупчиња, не сакав дупчиња...“ Таков беше кога не му беше денот, кога ќе станеше на лева нога или ако му се спие и слично. Се сетив на тоа кога го видов овој како гнете од бананата, не беше некој најдобар спомен, ама барем се сетив.

„Значи вие сте тој“, рече уште еднаш и го набута остатокот од банана в уста и пардон, мљеее, пардон, голташе банана и си ги бришеше рацете со хартиена крпа.

„Седнете, седнете. Сакате да се напиете нешто?“

Реков дека не треба, но тој сеедно стана и се равика од вратата по Мајда: „Мајдааа“, на што таа веднаш се појави, но беше некако збунета, како да ѝ се бутнав помеѓу нозете. Веројатно тоа беше онаа што ми се јави еден ден претходно од непознат број, па си размислував, дали да кренам или да се правам наудрен. Непознатите броеви не се инспиративни. Луѓето обично не се јавуваат за да ви дадат нешто. Кренав затоа што победи љубопитноста.

„Добар ден, г. Јани Бевк?“

„Да“, реков, и си помислив дека не требаше да одговарам, некако кога ќе ти се обратат по име и презиме не е добар знак, тоа е или полиција или некој кому не си му платил, градинка или библиотека или нешто слично. Ама тие не ти се обраќаат со господин, па затоа не би требало да биде нешто лошо.

Може му е мајка, оваа секретарката, мислам, на директорот, и овде е од социјализмот, сто отсто. Секој би ја избркал или би ја испратил во некое одделение каде ни ѓаволот не би ја забележал, во некој подрум да средува сталажи, да преместува фасцикли...

„Кафе, може?“

Еднаш, во средно, со другар ми отидовме на задолжителна пракса. Во архивот на општината, во подрум. Е таму работеше еден тип за кого двајцата си помисливме дека му е роднина на Адолф. Имаше црн патец, монобркчиња како Хитлер и беше блед како вар. Стар беше како даречеме како него, или би можел да му биде брат, а одеше како дух. Туку ќе се појави од некаде и со прстот ќе ти покаже

што да направиш. Оваа фасцикла овде, оваа за отпад, итн. Ништо не го разбиравме што зборува. Сега би имал сто години.

„Кафе, може?“

Чекав да се договорат. Овој со бананата не се секира што за него се грижи една тетка, а не некоја во минич и сако и во облаче од парфем, со бразилско пиче и со научени пет јазици, па гостите да се прашуваат дали се буфтаат, затоа што вака е покул, пооткачено, да имаш секретарка од комунизмот со чешел од Карл Маркс. Можеби навистина ја гледа како секретарка, да средува, да крева телефони и кафиња да прави и тоа, а мене ме фаќа паника поради тремата и затоа мислите ми летаат.

„Кафе?“ рече уште еднаш и ме зачуди што повторува и тогаш ми светна.

„Ааа, пардон. Пардон, мислев дека не е за мене“.

„А за кого?“

„Па..., па ајде, може, црно, ако може“.

„Црно, Магда, за мене вода“.

„Разбирам“, рече Мајда и излезе.

„Значи вие сте тој“, ме испрашуваше, а јас не знаев кој би требало да бидам. Мајда само рече да се јавам овде, за некоја работа, и дека друго ништо не знае и јас реков во ред.

„...автор на Пофукус“.

И ми стана јасно дека сум авторот. Во последно време направив неколку работи, и илустрации за детски книги, па си мислев дека е за нешто такво, не за стрип. Кога се јавуваат од сериозна издавачка служба очекуваш посериозни нешта. Пофукус го нацртав пред три години и три месеци. Тоа го знам, затоа што потоа се роди Симон и оттогаш не нацртав стрип, а згора на тоа си мислев дека го виделе само некои од колегите. Мислам дека пуштивме околу стотина, плус дваесет, колку што треба време за да се исклучи машината во печатницата. Реков да, ама зачудено, зашто навистина тоа бев јас.

„Некни бев во стрипотеката и случајно налетав на твојот стрип“, рече. „Ќе пукнев од смеа“.

И пак хехехе, а и јас се смешкав, иако Пофукус не беше замислен како комичен стрип. Сакав да им се гади, да ги навредам, ама тоа денес тешко успева.

Комунистичката Маја принесе кафе, благо, а јас не сакам благо. Подобро е од кафе со млеко, од кое ми се повраќа. Шеќерот го

убива вкусот на кафето, не знам како и зошто го пијат така. Ама барем имав каде да ги ставам рацете и благодарно го фатив филџанот и чекав да видам што сакаат од мене.

„Кафето е во ред?“

„Да, супер е“, реков и веднаш се покајав, па што има да се вели супер. Да би било доволно, ама така е кога не си навикнат, кога те занесува на сите страни и ќе ти излета.

Потоа почна да зборува, а јас се трудев да следам, ама тоа е заебано ако мислиш на банани и пички одвреме-навреме, на кафе и шеќер, нешто дека тие прават подиздавачка куќа или нешто слично, а тоа за да издаваат и други работи од она што го издавале досега, и јас реков аха затоа што тој престана да зборува.

„Едно време свирев панк“, почна пак и праша дали сум слушал некогаш.

„Вас?“

„Не мене, панк музика?“

Реков да, иако сум малку стар за такви работи, затоа што се родив подоцна, во периодот на Мајк и Моторхед од рокерите, и пред тоа Бони Ем, ама тоа кога бев многу мал и кога ја издадоа Nightfly to Venus. Ако добро помислам и тогаш имаше панк, ама јас бев мрсулко и повеќе ги сакав Brown girls in the ring, ша-ла-ла-ла-ла, па By the rivers of Babylon, where we sat down... и така натаму. Ама реков, да, Панкрти и тоа, и Dead Kennedys, па тие имиња ги знаев. Тој додаде нешто околу панкот и тие работи и за својата работа, а јас пак фркам од кафето и гледам како го снемува полека и мислев што потоа, а истовремено се трудев да го слушам.

„Главно, сега сум тука, некое време, всушност, и некако ми здодеа да бидам... цивилизиран, така да се рече“.

„Аха...“

И ова алтер издаваштво, што е негова идеја, да се занимава со продукција на сешто, па и стрипови, такви заебани, свински. Мали, провокативни диверзии, за кои повторно доаѓа времето. Ми остана само уште водата, само проблем е, кафето полесно го шмукаш по капки, ќе ставиш усните на филџанот и као фрк, фрк, фрк, ама водата не можеш така, кафето е погусто и се зафаќа околу забите. И водата по малку ја лижнуваш де, ама сепак оди побрзо. Eins, cvej, drej и си ја голтнал.

„И би сакал... Значи, вашиот стрип Пофукус..., една книга, еден стрип, еден перформанс со гитара..., па како прилог кон некоја

ревија, и слично. И ако бидне нешто од тоа, во ред, ако не, никому ништо“.

Паузичка. И отиде водата. Што сака? Стрип?

Од фиоката извади една сликовница, ја сврте кон мене да видам дека е Мартин Крпан. Тој молчи, јас молчам, и си мислам де ќе каже нешто, а тој ни збор, и морав да го прашам:

„Молам... Не разбирам?“

„Размислував вие да го илустрирате Мартин Крпан“.

„Не разбирам“, реков. „А што... мислам, како да го илустрирам? Па еве, илустриран е“.

„Прочитајте го и илустрирајте како вие мислите дека треба. Во боја“.

Ја зедов книгата и почнав да листам, и внатре Крпан крева коњ од ендек, на друга како оди во Виена, празна и со црни знамиња, па како крши оружје, неколку стрели и копја и мечови, па како сече дрво, една пуфла, царица, ако се сеќавам, па се држи за глава... Тоа секој го знае.

„Не мора да се исти мотиви, иако можеби би било добро да се исти, па препознатливи се. Или не. Претставете си наместо Крпан..., не знам, да ставите ваш јунак, кој... си тера по свое. Ама не сакам ништо да сугерирам. Како сакате, така“.

Реков да, иако не ми беше јасно што треба да нацртам. Ми беше јасно, приближно јасно што би правел мојот суперхерој, ама не знаев дали е тоа тоа. Мојот Пофукус би ја кренал кобилата од ендекот, ама не со раце, ама не знам дали тоа некој би го објавил, зашто јас Пофукус го направив за штос, за колегите...

„А“, реков, и потоа не знаев што понатаму и си заќутев, за тој да продолжи, ама тој не продолжи па морав јас. „А колку hard core може да биде?“

„Не знам...“

Не знае?

„А така ли, како... во стрипот?“ Да тибам, срам ми беше да речам Пофукус, а јас го нацртав. „Дали на таков начин?“

„Дали да се штедите, мислите?“

„Да“, реков, „мислам, за кого е?“

„Не, не треба... Ако мислите дека е во ред“.

Размислував што ли кажа, зашто не бев сигурен што точно сака.

„Не знам. Вие сте нарачувач“, реков.

„И јас не знам. Ќе видиме. Зависи од вас и од оние долу“, и покажа низ прозорецот некаде надолу. Погледнав онаму каде што покажува и не ми беше јасно. Долу немаше никој посебно. Улица како улица, со киоск пред кој чекаа двајца, што ти знам што, цигари или весник...

„Да речеме да нацртате како Крпан општи со царицата или нешто слично“, и тоа „општи“ го натрти, така што ми беше јасно дека се заебава, „и тоа во книжарниците, што мислите, што би се случило?“

„Не знам“, реков.

„Левстиковиот..., словенечкиот... А? Мартин Крпан како ја ремпа,“ и повторно подвлече рем-па,“ да речеме принцезата или, не дај боже, самата пресветла царица?“

Ги кренав рамената.

„Па, видете и јас не“.

„Аха...“

„Да“.

Потоа молчевме неколку светлосни секунди.

„Ама нека не ве загрижува тоа. Јас сум громобран... Ако некого, тогаш јас сум за тоа... А што ви можат вам? Многу работите во последно време?“

„Ма јок,“ реков. „Имаме дете, па...“

Јасно беше дека знаеше, у курац, дека ништо не работам.